РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА
Бр. 29-70/5
13.02. 2019 год.
КРИВА ПАЛАНКА

Врз основа на член 35 став 3 и член 46 став 9 од Законот за просторно и урбанистичко планирање („Сл.весник на РМ" бр.199/14, 44/15, 193/15, 31/16, 163/16, 64/18 и 168/18)), Градоначалникот на Општина Крива Паланка го дава следното

**СООПШТЕНИЕ**

**За организирање на јавна анкета и јавна презентација на локална урбанистичка планска документација за изградба на базна станица на дел од к.п.бр.3156/1, м.в. „Стража" во КО Метежево во општината Крива Паланка**

Јавната анкета по горенаведената локална урбанистичка планска документација ќе трае од 18.02.2019 година до 22.02.2019 година од 08,оо-16,оо часот во просториите на одделението за урбанизам, сообраќај и заштита на животната средина при општината Крива Паланка.

Соопштението и локалната урбанистичка планска документација за гореневедениот локалитет ќе бидат изложени на информативните табли на општината Крива Паланка, во просториите на одделението за урбанизам, во архивата на општината Крива Паланка и во информацискиот систем е-урбанизам.

Јавната презентација ќе се одржи на ден 22.02.2019 година со почеток во 12,оо часот часот во малата сала на општината Крива Паланка.

Планскиот опфат кое е предмет на уредување на локалата урбанистичка планска документација за изградба на базна станица на дел.од к.п.бр.3156/1 во м.в. „Стража", КО Метежево во општината Крива Паланка зафаќа површина од 0,01 ха и неговата местоположба е ограничена на површината на дел од к.п.бр.3156/1 во м.в. „Стража" во КО Метежево во општината Крива Паланка.

Во определениот рок заинтересираните правни и физички лица можат да достават забелешки на анкетни листови во електронска форма преку информацискиот систем е-урбанизам или во писмена форма.

**ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
**Градоначалник**
**Борјанчо Мицевски**